Dorovský, Ivan

**Еден досега непознат труд за зборникот на браќата Миладиновци**

In: Dorovský, Ivan. *Slovanské meziliterární shody a rozdíly.* Vyd. 1. V Brně: Masarykova univerzita, 2004, pp. 27-35

ISBN 8021035307

Stable URL (handle): https://hdl.handle.net/11222.digilib/123480
Access Date: 21. 02. 2024
Version: 20220831

Terms of use: Digital Library of the Faculty of Arts, Masaryk University provides access to digitized documents strictly for personal use, unless otherwise specified.

MUNI ARTS Masarykova univerzita Filozofická fakulta

Digital Library of the Faculty of Arts, Masaryk University
digilib.phil.muni.cz

# ЕДЕН ДОСЕГА НЕПОЗНАТ ТРУД ЗА ЗБОРНИКОТ НА БРАЌАТА МИЛАДИНОВЦИ

Познато е дека руската славистика во XIX век трајно се интересираше за сѐ што се случуваше на Балканот. Руските слависти доста последователно го проучуваа особено најстариот период на словенската писменост и култура, кирилометодиевскиот период, најстарите литературни споменици, прашањата околу создавањето на глаголицата и кирилицата итн.

Истовремено руските слависти се занимаваа и со создавањето на наводно најстари *народни песни*, какви што беа мистификациите на Чехот Вацлав Ханка (1791–1861). Еден од основачите на руската славистика, Измаил Иванович Срезневскиј (1812–1880), на пример, препорачуваше т. нар. Краледворски и Зеленогорски ракопис да се преведат на сите *словенски наречија*. Во врска со нашата тема нека подвлечеме дека прва рецензија за зборникот *Български народни песни* напиша Чехот Мориц Фиалка (1809–1869) и по него И. И. Срезневскиј, кој, слично на Фиалка, многу позитивно го оцени и го карактеризира зборникот на браќата Миладиновци.[1]

Нека забележиме веднаш на почетокот дека во структурата на руската славистика, за разлика, на пример, од германската и виенската славистика, се појавија разни и различни тенденции. Во втората половина од XIX век таа во универзитетската обука и во истражувачката практика се ориентираше кон еден доста широк дијапазон на славистичката дејност, која опфаќала не само филолошки прашања, туку и прашања од други општествени науки, пред сѐ од историографијата.

Во 1863 година беше примен новиот уневерзитетски закон и настапи на научната сцена нова генерација руски слависти, која беше многу покритичка кон други концепции и авторитети. Се раширија истражувачките интереси, пред сѐ руската славистика започна да ја изучува историјата на словенските народи. Но според универзитетскиот закон од 1884 година славистиката се развиваше пред сѐ или исклучително во катедрите за словенска филологија. Во нив преовладуваше лингвистиката. Значи дека во тој период таа имаше претежно филолошки карактер. Имињата на лингвистот, фолклористот и литературниот критичар Фјодор Иванович Буслаев (1818–1897), потоа на лингвистот и текстологот Алексеј Александрович Шахматов (1864–1920), на водачот на т. нар. Московска лингвистичка школа Филипп Фјодорович Фортунатов (1848–1914), на лингвистот и литературен историчар Роман Фјодорович Брандт (1853–1920), филологот Григориј Андреевич Иљинскиј (1876–1937), славистот и палеограф Вјачеслав Николаевич Шчепкин (1863–1920), на литературниот историчар

[1] Види Известия Императорской Академии Наук, по отделению русскаго языка и словесности, том X, 1861–1863, стр. 413–414.

и фолклорист Александр Николаевич Пыпин (1833–1904), којшто заедно со Владимир Данилович Спасович (1829–1906) ја напиша првата историја на речиси сите словенски литератури (1879–1881), и литературниот историчар и теоретичар Александр Николаевич Веселовскиј (1838–1906), најзначајниот претставител на споредбено-историскиот метод, трајно се запишаа во историјата на европејската славистика.[2]

Кон нив секако спаѓа и името на Александр Львович ДЮВЕРНУА (1840–1886), професор по *славјански наречија* на Московскиот универзитет.

Името на овој истакнат руски славист, кој има големи заслуги за познавањето и изучувањето на словенските јазици (според тогашната терминологија *словенски наречија* на единствениот *славјански јазик* ) до ден-денес остана, нажалост, пред сé во Македонија и Бугарија, па и во другите словенски и несловенски земји, речиси сосема непознато. Во руските енциклопедиски прирачници за него се забележува дека *в истории русской славистики Дювернуа остается прежде всего автором болгарского словаря, талантливым преподавателем славистических дисциплин в университете, с которым он бил связан в течение 30 лет.*[3]

Нека видиме подолу каква беше во XIX век во Русија и во Бугарија состојбата во областа на словенската лексикографија и во што фактички се состојат заслугите на А. Л. Дювернуа. Постоеше дотогаш грчко-бугарскиот дел од речникот на Неофит Рилски (1793–1881). При своето патување низ Македонија и Бугарија во 1844–1845 година го видел рускиот славист Виктор Иванович Григорович (1815–1876). Но, за жал, речникот на Н. Рилски остана недовршен. Неговиот втор дел (бугарско-грчки) авторот успеа да го доврши само до буквата **о**.

Бугарскиот поет, лингвист и дипломат Најден Геров (1823–1900) со својот прв подполн петотомен *Речник на блъгарскиј јазик с тлъкувание на речити на блъгарскиј и руски* ( 1–5, 1895–1904), кој содржаше богат материјал од живиот, разговорен јазик (слично на *Српски рјечник* на Вук Ст. Караџиќ) имаше тогаш стигнато само до буквата **в**. Нити неколку кратки речници и словоуказатели, какви што беа тие два речника кон на германски јазик напишаната граматика[4] на браќата Антон (крај на XVIII в. -60-те години на XIX век) и Драган ( 1828–1911) Цанкови или оној краток речник со граматика на Пјотр Алексеевич Бессонов (1828–1898) додаден кон вториот дел од изданието на неговата збирка *Болгарские песни из сборников Ю. И. Венелина и Н. Д. Катранова и других болгар* (1–2, 1855), како и краткиот речник на Љубен Каравелов (1834–1879) кон неговата на руски јазик издадена книга *Памятники народнаго быта болгар* (1861) не можеа никако да ги задоволат потребите на руските слависти и славистите од другите европејски земји. Постоеше уште еден бугарско-англиски (1860) и еден Француско-бугарски (1869) и Бугарско-француски речник

---

2 Славяноведение в дореволюционной России. Биобиблиографический словарь, изд. Наука, Москва 1979.

3 Пак таму, стр. 153.

4 Grammatik der bulgarischen Sprache, Wien 1852.

(1871) составен од *големиот пурист, ковач на нови зборови* (како што го нарече поетот и прозаистот Иван Вазов во еден епиграм) Иван Богоров (1820–1892). Одтогаш зборот богоровштина стана синоним за претеран јазичен пуризам.

Сосема заборавен и речиси подполно непознат остана еден македонско-бугарско-српско-руски речник од 1882 година. Како додаток тој е составен дел од зборникот на историчарот на јужнословенските литератури Владимир Васиљевич Качановскиј (1853–1901) *Памятники болгарскаго народнаго творчества.* Выпуск 1-й (1882).

Имено собирањето и издавањето на бугарски, македонски и српски народни песни, обичаи, пословици и поговорки се главна заслуга на рускиот *специалист по словенска филологија. Речникот* на Вл. В. Качановскиј не само што поред српски и бугарски содржи и македонски зборови, туку во заграда дава транскрипција и објасненија за потеклото на зборот, т. е. дали е од турско или грчко потекло и наведува во кое село е запишан (зборот, односно песната). В. В. Качановскиј на крајот, меѓу другото, зебалежува дека Речникот содржи и зборови што не се ексцерпирани од објавените песни и додава: *Составитељ словаря нашел возможным сделать это на том основании, что он таким образом желал представить пробные листы думаннаго им обстоятельнаго болгарскаго словаря по говорам, отсуствие котораго сильно чувствуется в науке.*[5]

Иако В. В. Качановскиј претежно се занимаваше со историјата и литературата на Јужните Словени, тој соработуваше со бугарско-руско-украинскиот славист Марин Дринов (1838–1906) при составувањето на еден речник на бугарскиот јазик што остана до денденес недовршен и необјавен.

А. Л. Дювернуа, ученик на познатиот славист Осип Максимович Бодянскиј (1808–1877), две години (од 1865 г.) специјализирал во странство (Прага, Виена, Тибинген, Берлин, Хејделберг ) и спремал споредбена граматика на индоевропејските јазици. Во тие години тој интензивно се занимаваше со прашања од областа на славистиката. Неговото внимание го привлекле пред сѐ ракописните материјали што се наоѓале во прашката Национална библиотека и во Виенскиот универзитет. По враќањето од странство Дювернуа заштити магистерска дизертација *за историските наслојувања во словенското зборообразување.*

И кога во 1869 година беше О. М. Бодянскиј пензиониран, Дювернуа ја заседе во Московскиот универзитет катедрата за словенска филологија. Пет години подоцна (1872) тој ја одбрани докторската дизертација *за системот на основните елементи и облици на словенските наречија* и стана вонреден професор, подоцна – од 1877 година – редовен професор.

Почнувајќи од седумдесеттите години на XIX век А. Л. Дювернуа неколку години усилено работеше врз подготовката на материјали за речни-

---

5 Памятники болгарскаго народнаго творчества, вып. 1, Сборник западно-болгарских песен с словерем, Спб. 1882, стр. 558.

кот на старорускиот јазик.[6] Материјалите беа издадени постхумно и *заслужено добија висока оценка.*[7]

А. Л. Дювернуа осозна дека кога предава историја на словенските јазици нема при рака никакви речници на бугарскиот јазик. Затоа последните години од својот живот тој им ги посвети на составувањето на *Речник-от на бугарскиот јазик* (*Словарь болгарскаго языка по памятникам народной словесности и произведениям новейшей печати*) за кој овде станува пред сѐ збор.

И кога руските војски во 1877–1878 година успешно војуваа против турските поробители и ја ослободија Бугарија, Александр Лвович Дювернуа започна да го составува погоре наведениот речник. Речничкиот материјал го ексцерпирал од спомениците на народното творештво и од произведенијата издадени во поново време, како што гласи поднасловот.

Летните месеци во 1880 година А. Л. Дювернуа ги посети јужнословенските земји и Бугарија, се запозна со живиот бугарски јазик и се снабди со низа издадени бугарски книги што по враќањето ги искористи за ексцерпција на речнички материјал. По шест години усилена работа А. Л. Дювернуа се убеди дека материјалот е веќе доволно богат и започна со печатењето на *Речникот.*

Првиот дел излезе од печат на 6 април 1885 година, кога во Русија и во некои други словенски земји се славеше илјадогодишнината од смртта на Методиј. Имено од тогаш, т. е. од Денот на св. Методиј, Руската православна црква започна да го чествува споменот и делото на солунскиот филозоф и просветител. А. Л. Дювернуа на Московскиот универзитет одржа *реч за блажениот Методиј, словенски првоучител* имено на 6 април 1885 година.[8] Истата година беше даден за печат и вториот дел од *Речникот* но, нажалост, тој излезе по смртта на авторот, кој почина на 16 март 1886 година.

А. Л. Дювернуа *Речникот* му го посвети на својот учител, професорот Пјотр Николаевич Кудрявцев.

Другите два дела од *Речникот* излегоа веќе по смртта на А. Л. Дювернуа (во 1887–1889г.). Дел од буквата П беше подготвена за печат од тогашниот *кандидат на историко-филолошкиот факултет на Петербуршкиот универзитет* Борис Михајлович Ляпунов (1862–1943), кој се занимаваше претежно со прашања од споредбената граматика на словенските јазици.

Во печатењето на *Речникот* учествуваше и сопругата на А. Л. Дювернуа Галина Александровна, која не само што му помагаше на својот сопруг, туку го научи бугарскиот јазик и ја подготви за печат буквата Е и дел од буквата З. Од учениците на Дювернуа по неговата смрт учествуваа во изданието на *Речникот* и Вјачеслав Николаевич Шчепкин (1863–1920), којшто

---

6 Пак таму, стр. VI.

7 Материялы для словаря древнерусскаго языка, Москва 1894.

8 Блаженний Мефодий, первоучитель славян. Речь, произнесенная в Московском университете ... 6 апреля 1885 г., Москва 1894.

ја напиша буквата К, и Пјотр Алексеевич Лавров (1856–1929), автор на Предговорот, на дел од буквата Д и на буквите З и И, потоа врвниот лингвист Фјодор Евгеньевич Корш (1843–1915). Веќе споменатиот бугарски историчар, етнограф и лингвист Марин Дринов (1838–1906) и дури бугарскиот поет Тодор Г. Влајков (1865–1943) кој тогаш (1886–1888) студирал во Москва филозофија и станал приврзаник на идеите на Л. Н. Толстој. Марин Дринов напиша за *Речникот* на Дювернуа и една опширна рецензија, која заедно со рецензијата на Геровиот *Бугарски толковен речник* стана теоретска основа на бугаската лексикографија.[9]

*Речникот* на А. Л. Дювернуа претставува еден импозантен труд. Тој има вкупно (заедно со предговорот, белешките, поправките итн.) 2696 страници. *Для своего времени-* пишува руската славистика - *словарь Дювернуа был событием. Некоторое время он оставался лучшим пособием в этой области и до сих пор не потерял своего значения.*[10]

Авторот во својот *Вовед* кон *Речникот* на цели 24 печатени страници дава преглед на самогласките на бугарскиот јазик. Во него Дювернуа користи информации пред сѐ од статии на Ватрослав Јагиќ и Фран Миклошич. *Прегледот* на Дювернуа има изразит споредбен карактер, бидејќи во него авторот дава примери од другите словенски јазици. Освен од српскиот јазик, во *Воведот* (како и во самиот *Речник)* при објаснувањето, толкувањето на отделни зборови наведува примери и од полскиот и чешкиот јазик. *По лествице родства, болгарский язык обикновенно группируется с сербским, и в сравнительной грамматике Миклошича он занимает среднее место между славянским и сербским. Найболее индивидуальную особенность сербскаго языка составляет чрезвичайная его просодическая живость* - пишува Дювернуа.[11]

Анализирајќи го принципот на словенската прозодија А. Л. Дювернуа забележува една суштествена разлика, која е поголема од таа меѓу српскиот и бугарскиот јазик. *Прозодијата,* пишува тој, *е најдуховниот елемент на вокализмот, се однесува на сиот организам на јазикот.*

Интересно е да се подвлече дека Дювернуа пишува за словенски наречија (славянские наречия), за хрватско (*ми не касаемся вовсе аналогических явлений просодии наречия хорваскаго )* и македонско наречие, но и за бугарски или српски јазик. Кога пишува за звучноста на самогласките , тој меѓу другото забележува: *Совершенно такое же тяготение к звучной согласной обнаруживает болгарский глагол цафтя (цвету, срб. цвјетати).* И продолжува: *Последнее образование, употребительное в литературном языке для длительнаго вида этого глагола, в македонском наречии заменяется формой цутам, цуткам: Кога трандафил цутеше, секој му душа љубеше.* Примерот е земен од Зборникот на Миладиновци.[12]

---

9 Види Записки Академии наук, 1893, том 70, прил. 2.

10 Славяноведение в дореволюционной России. Биобиблиографический словарь, изд. Наука, Москва 1979, стр. 153.

11 Словарь болгарскаго языка. По памятникам народной словесности и произведениям новейшей печати. Составил А. Дювернуа, вып. 1, Москва 1885, стр. II.

12 Пак таму, стр. XIV.

Населението на Македонија авторот го означува како македонски Словени или како македонски Бугари. Во тогашната руска славистика и историографија тоа беа за македонското словенско население нормални термини. Кога Дювернуа пишува за изговорот на темниот вокал **ъ** тој вели дека во македонските говори тој се заменува со вокалот **о** или **а**. Врз основа на тоа, како што е познато, Павел Јосеф Шафарик (1795–1861) направи чуден заклучок *о специфическом сродстве македонских Славян с Славянами ильменскими.*[13] Изговорот на темниот вокал **ъ** и **о** во западна Македонија, вели Дювернуа, го зближува ово наречие со словенечкиот јазик, во кој темната согласка (полугласка) е насекаде заменета со **о**.

По славистот Виктор Иванович Григорович (1815–1876) беше денес воопшто непознатиот руски филолог -лингвист Пјотр Спиридонович Билярский (1817–1867) втор руски славист, кој му обрна внимание на македонскиот ринезам (во рефератот за средно-бугарскиот вокализам што го прочита на седницата на Руската академија на науките на 7 мај 1847 година). Неговите заклучоци *нашли подтверждения и оправдания в наблюдениях, сделанных в последнее время при тшательнейшей записи звуков македонскаго наречия в его народных песнях.*

Такви набљуденија изврши Бојаџиев којшто во 1882 година објави во бугарското *Периодическо списание* редица народни песни запишани во Велешко. Тој со низа примери од македонски народни песни ја потврди замената на носовките со **ја** или **а** *как в области Велеса, так и в болъшей части Македонии.* Според А. Л. Дювернуа изговорот на темниот вокал **ъ** како **а** (матен, рака, мака, маж) бил не само во Македонија, туку и во Софија, Кјустендил, Етрополе и други градови кои беа во составот на тогашното бугарско кнежество.

А. Л. Дювернуа е, значи, трет руски славист кој уште во осумдесетите години од далечниот деветнаесети век пишуваше за носовоста (назализмот, ринезмот) во Македонија и своите заклучоци ги документира со примери во *Воведот* и во *Речникот* преземени од зборникот на Стефан Верковиќ *Народне песме македонских бугара: ванзалив (Ми лјулајте моето лјуби високо, Че е дърво мравлјиво, Че е вуже ванзалјиво, Ке се скине, ке да падне), гринда, канкал, канкалив (Та година зла скунија, Шиник жито за флорина, Бар да е жито како жито И то ми е канкаливо).* Во Костур и во неколку села западно од градот, пишува Дювернуа, бугарскиот научник Марин Дринов (1838–1906) запишал форми: *многу рендови* (од еднина ред), *јензик ме боли, гренда, сто и пендесе куки или кашчи* итн.

Списокот на источници од кои Дювернуа извлече материјал содржи исто и неколку важни македонски извори. Тоа се зборниците на Ст. Верковиќ *Народне песме македонских бугара* (1860) и *Веда Словена*, книга прва (1874), потоа *Български народни песни* собрани од браќа Миладиновци, Димитрија и Константина, и издани од Константина (1861), запи-

---

13 Пак таму, стр. XV.

сите на македонски народни песни објавени во *Периодическо списание* и преводите на Огист Дозон на француски.[14]

Како што пишуваше Пјотр Алексеевич Лавров (1856–1929) во својот *Предговор* кон *Речникот: Лучшие сборники народной поэзии и быта както братьев Миладиновых, Безсонова, Верковича, Чолакова и Каравелова дают богатый запас чисто народнаго језика с его особенностями.*

Во случајов е важно што *Речникот* на Дјувернуа содржи подполн или претежен дел илустративен материјал од Зборникот на Миладиновци и од лексиката на македонската народна поезија дотогаш позната на руската и европејската славистичка наука. Значи дека проучувањето на *една опширна и скоро неначната област за изучување*, како забележа Блаже Конески,[15] го започна рускиот славист А. Л. Дјувернуа, кој, нажалост, до ден-денес остана за македонските лингвисти непознат. Неговото име не го наоѓаме во списокот на ексцерпираните изданија со кои се послужија авторите на *Речникот на македонската народна поезија.*[16]

Пјотр А. Лавров високо ја оценува обработката на зборовните групи во *Речникот богати со примери од народното творештво и од бугарската оригинална и преводна литература, важни за фонетските, етимолошките и синтактичките односи. Понятное дело*, пишува П. Лавров, *мы никогда не опускаем примеров из народных песен и пословиц, как найболее виражаюшчих дух языка.*

Големо внимание му посветува авторот на *Речникот* на придавките. И тоа не само од граматичка, туку и од уметничка гледна точка. Тој секоја придавка, употребена како постојан епитет, поконкретно ја карактеризира и дава исцрпни примери, сите речиси потполно од македонската народна поезија. На пример: *Белканка*, епитет за девојка (*Намерил Ганка Белканка* – Миладиновци, 76) *Белопола*, епитет на жена ( *Се кметици белополи* – Миладиновци, 10). Кај придавката *бел*, означена како *постојан епитет на луѓе, пред се на жени*, дава и други седумнаесет значенија за означување на пшеница и ориз, на растенија, на пена и вода, на чад и пепел, на животни и птици, сребро и пари, патишта и хартија, свеќи итн., дава на цели две страници примери од зборникот на Огист Дозон и од Зборникот на Миладиновци (*Свато'и, бели свато'и*, Миладиновци, 4. *Мито, мори Мито, бела Русуменке*, Миладиновци, 75, *бела погача*, Миладиновци, 67. *Појди, Јано, ми донеси, Од бел Дунав студна вода*, Миладиновци, 19 и други). Со примери се богато застапени придавките – епитети *сив, сива, сиво: Сиво стадо, сиво орлиште, Сиви бели галабе, Под румени чадир сиви коњи*, сите преземени од Зборникот на Миладиновци.

За предлогот **На**, на пример, Дјувернуа на цели две страници наведува примери, претежно од зборникот на О. Дозон и на Миладиновци. Во *Речникот* на Дјувернуа се означени со ѕвездичка (слично, на пример, како во

---

14 Dozon, A.: Chansons populaires bulgares identites. Paris 1875.

15 Конески, Б.: Јазикот на македонската народна поезија, Скопје 1971, стр. 50.

16 Речник на македонската народна поезија, том 1, А-Г. Под редакција на Тодор Димитровски, Скопје 1983, стр. XVII-XXIII.

Караџиќевиот *Српски рјечник*) сите зборови преземени од турскиот јазик. Интересно е да се одбележи дека Бугарите и Македонците (па и другите балкански народи) преземаа турски зорови во таква форма (во таков облик) како што зборот го изговараше простиот турски човек, не како тој звучел во турскиот литературен јазик. Честопати турскиот збор во македонскиот и во бугарксиот (па и грчкиот) јазик се разликува не само формално, туку и по значење, бидејќи е примен со едно од многуте турски значења.

*Речникот* на А. Л. Дювернуа за кој овде станува збор, е интересен и од неколку други гледни точки. Тој не е обичен двојазичен речник (во случајов руско-македонски или руско-бугарски), туку комбинација на т. нар. преведувачки речник со толковен и етимолошки речник. Зборовите преземени од тускиот, грчкиот, италјанскиот и од други јазици се не само објаснети на руски, туку се документирани со примери, дадена е нивната оригинална форма и нивниот турски оригинал, како и францускиот, евентуално германскиот еквивалент. Кај низа зборови е наведен и синонимот( велблъд, синоним камила, велегласно, син. високо и др.) или српскиот облик и значењето на српски.

Сите наведени качества прават од *Речникот* на Дювернуа најдобар речник од сите дотогаш во Русија издадени речници на словенските наречија (јазици). Такак го оцени на времето *Речникот* и славистот Алексеј Иванович Соболевскиј (1856–1929).

Според мое мислење Александр Лвович Дювернуа со својот *Речник* и со целата своја славистичка дејност треба да го вброиме кон неговите руски современици и наследници какви што беа Пјотр Данилович Драганов (1857–1928), Владимир Иванович Ламанскиј (1883–1943), кој не само што ја охрабрува туку и директно ја помага работата и кариерата на Крсте Петков Мисирков[17], потоа Павел Николаевич Милюков, Пјотр Алексеевич Лавров, Павел Никодимович Кондаков и др. Тоа е една група руски слависти што можат да се сметаат за *претходници* и учители на Крсте Мисирков.

Во врска со нашата тема, т. е. со прашањето за идентитетот на Македонците и за карактерот на македонското наречие (јазик) во трудовите на руските слависти е индикативно уште едно нешто: Марин Дринов, Панта Среќковиќ, Кузман Шапкарев и Димитар Матов, коишто имаат главен збор во критиката против мислењата на П. Д. Драганов, се и најпоследователни критичари на *Речникот* на А. Л. Дювернуа.

Димитар Матов напиша, меѓу другото, дека *Речникот* на А. Л. Дювернуа *е найобширният до сега и има си и добри страни, напр. Миладиновският сборник в него е най-основателно исчерпан.*

Бугарскиот историчар и лингвист Марин Дринов во посебен оширен приказ го оцени *Речникот* на Дювернуа и им беше советник на погоре

---

[17] Вангелов, А.: Слатките и страсни допири, сп. Стожер, год. 5, бр. 38-39, јануари-февруари 2001, стр. 44–45.

наведените соработници А. Н. Шчепкин и П. Лавров които го спремија за печат вториот и третиот дел од *Речникот*.

За нашата славистичка наука, за нашето народно поетско творештво и за неговата афирмација во руската и општословенската средина како и за нашата лексикографија *Речникот* на А. Л. Дювернуа има извонредно големо значение.